ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101 - 49/11
11-07 2011 год.
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Македонија на седницата одржана на ден 11.07.2011 година го усвои следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот за издавање на стручното списание на Здружението на судиите на Република Македонија "Судиска ревија"

член 1

Со овој Правилник, согласно Одлуката за промена на формата и начинот на издавање на стручното списание на Здружението на судиите на Република Македонија "Судиска ревија", бр 0401-38/11 од 11.7.2011 година, поблиску се опредлеуваат формата и начинот на издавањето и начинот на работа на Редкацискиот одбор на списанието и видот на наградите на авторите и главниот и одговорен уредник и други прашања во врска со тоа.

член 2

Списанието "Судиска ревија" е специјализирано списание на Здружението на судиите на Република Македонија во кое се објавуваат трудови и статии од разни области на правниот живот, толкувања и примена на правни прописи и правила, меѓународни договори и конвенции, погледи врз организацијата на судството, статусот на судијата и слично, се со цел списанието да се доближи до сите целни групи односно судиите, истакнати правници, адвокати, професори.

член 3

Судиската ревија се издава во електронска форма.
Начинот на издавање е на официјалната веб страна на Здружението на судии на Република Македонија – www.mja.org.mk.

Редакцискиот одбор за доставување на трудови на определена тема објавува повик во електорнска форма на официјалната веб страна на здружението. Повикот е отворен и постојан, а пристапот е дозволен за субјектите од став 2 на овој Правилник.

член 4

Редакцискиот одбор се состои од 6 члена кои заедно со главниот и одговорен уредник на списанието Судиска ревија се надлежни за изборот на темата на која ќе се повикуваат сите заинтересирани лица за развојот на правната мисла да ги достават своите трудови како и за одлучувањето кои од пристигнатите трудови ќе бидат објавени во наредниот број на списанието Судиската ревија.

Одговорниот уредник и членовите на Редакцискиот одбор на списанието Судиска ревија ги избира Управниот одбор на Здружението на судии на Република Македонија.

член 5

Авторите се должни во определен рок да ги доставаат своите трудови на определената тема заедно со кратко резиме во електронска форма по е-маил на стручната служба на Здружението на судии која подоцна ги препраќа до членовите на Редакцискиот одбор.

член 6

Сите пристигнати трудови ќе бидат разгледани од членовите на Редакцискиот одбор кој согласно квалитетот и актуелноста на трудовите ќе одлучи кои од нив ќе бидат објавени во "Судиска ревија".

Трудовите кои ќе биде објавени во списанието "Судиска ревија" претходно ќе бидат редактирани од страна на редакцискиот одбор и при нивното објавување ќе бидат проследени со кратко резиме на англиски и француски јазик.

член 7

На авторите на кои им се објавени трудови во списанието "Судиска ревија" им се утврдува награда.
Наградата во вид на паричен надоместокот и начинот на исплата за објавен труд ќе се регулира со посебна одлука.

член 8

Со посебна одлука ќе се определи и висината на наградата и начинот на исплата на надоместокот за работа на Редакцискиот одбор.

член 9

Средствата за исплата на сите учесници паѓаат на товар на Здружението на судиите на Република Македонија, додека можат да се обезбедат финансиски средства.

член 10

Со денот на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот за наплатување на аторски и друг труд при издавање на стручното списание "Судиска ревија" од 13.11.2001 година

член 11

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Управниот одбор
Николчо Николовски